Врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за здруженија и фондации (Сл.Весник на РМ број 52/2010 и 135/2011),член 22 и 49 од Статутот на Македонската Бадминтон Федерација Скопје согласно член 4, 5, 18 и 104 од Законот за здруженија и фондации(Сл. Весник на РМ бр. 52/2010 и 135/2011) и член 10 и 14 од Законот за спорт (Сл.Весник на РМ бр. 29/02, 66/04 и 81/08, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016, 190/2016, 98/2019 и 244/2019) Собранието на Македонската Бадминтон Федерација Скопје на седница на одржана на ден 20.02.2022 година донесе

# С Т А Т У Т
# на Македонска Бадминтон Федерација Скопје
# (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

Македонска Бадминтон Федерација Скопје (во натамошниот текст Федерацијата) е здружение на спортски клубови од ист спорт - бадминтон, како и клубови од училишниот, студентскиот и спортот на инвалидизираните лица во Република Северна Македонија , заради остварување и усогласување на поединечните со општите и заедничките интереси во омасовувањето и развојот на бадминтон спортот.

**член 2**

Федерацијата е деполитизирана,не прави национална, верска и расна разлика, и во неа се забранува делување на политички партии за постигнување политички цели и интереси.

Федерацијата не може и не смее да врши активности на политичка партија, односно не може да обезбедува директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијае на изборите.

Како влијание на избори во смисла на став 2 од овој член се подразбира учество на Федерацијата во избори и изборна кампања на одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија.

Федерацијата е независна во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со овој Статут, во согласност со Уставот и законите.

Федерацијата може слободно да ги искажува и промовира своите ставови и мислења за прашања од нејзин интерес, да поведува иницијативи и да учествува во градење на јавно мислење креирање на политичките.

**член 3**

Федрацијата е самостојна во организирањето и остварувањето на своите цели и активности утврдени со овој Статут, Статутите на ББА, ЕБФ и СБФ, Законот за здруженија и фондации, Законот за спорт и други нормативни акти, а своите права, должности и одговорности ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и законите.

**член 4**

Федерацијата својата дејност ја остварува на подрачјето на Република Северна Македонија.

**член 5**

Називот на здружението на граѓани е МАКЕДОНСКА БАДМИНТОН ФЕДЕРАЦИЈА СКОПЈЕ или скратен назив МБФ

**член 6**

Седиштето на Федерацијата е во Скопје на ул. Мишко Михајловски 5б

**член 7**

Федерацијата има својство на правно лице со права и обврски, одговорности утврдени со Уставот на Република Северна Македонија,со Законот за здруженија и фондации, со Законот за спорт и овој Статут и се запишува во Централниот регистар на РСМ.

**член 8**

Федерацијата ја застапува претседател кој го избира Собранието, а во негово отсуство потпретседател, кој го избира Управниот одбор.

Претседателот може за точно определени дејствија да ополномошти лице кое ќе ја застапува Федерацијата.

**член 9**

Федерацијата има свој печат во округла форма во кој во средината е знакот на Федерацијата, а околу е испишан текстот Македонска Бадминтон Федерација Скопје.

Федерацијата има свој штембил во правоаголна форма со следниот текст:

Македонска Бадминтон Федерација
Бр. ______________
Од ______________ год.
Скопје

Текстот на печатот и штембилот на Федерацијата се испишани на кирилица.

**член 10**

Федерацијата има свој знак, кој се состои од рекет со јајцевидна форма, и топче за бадминтон во средината на рекетот, претставени со бела боја вооквирени со црна боја, во средината на рекетот по целата големина е претставено знамето на Република Северна Македонија со основните бои на знамето, жолта и црвена.

Знамето на Федерацијата е со правоаголна форма со димензии 2 х 1 м, во чија средина е знакот на Федерацијата. Основната боја на знамето е бела.

**член 11**

Федерацијата е членка на Олимписки комитет на Северна Македонија - по сопствена одлука и членка на Светската, Европската и Балканската бадминтон федерација, со сите права и обврски.

Федерацијата е единствена спортска федерација во Република Северна Македонија во бадминтон спортот.

Во состав на  Федерацијата се формира Национална Комисија за Рекетлон, која е единствена во Република Северна Македонија, надлежна за рекетлон спортот, и по сопствена одлука е членка на Светската Рекетлон Федерација.

**член 12**

Членки на Федерацијата се сите бадминтон клубови запишани во Единствениот регистар на Федерацијата.

Членките на Федерацијата, лигите или било какви клубови и здруженија се подредени на Федерацијата и не можат да делуваат надвор од нив.
Членките на Федерацијата за секое учество на официјално или неофицијално натпреварување надвор од границите на Република Северна Македонија мора да побараат одобрение од Федерацијата.

**член 13**

Официјален јазик на Федерацијата е Македонскиот, а во меѓународната комуникација ќе се користи англискиот јазик.

## 2- ДЕЈНОСТ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**член 14**

Дејноста, целите и задачите на Федерацијата се следните:
- да го остварува и развива бадминтон спортот во Република Северна Македонија
- да создава и организира материјални и стручни услови за бадминтон спортот
- да ги контролира натпреварите во системот за натпреварување во земјата, во машка и женска конкуренција за сите возрасти
- да ги поврзува клубовите и другите стручни облици во бадминтон спортот
- да ги поттикнува и помага активностите за унапредување на бадминтон спортот
- да соработува со другите спортски сојузи во Република Северна Македонија
- да остварува меѓународна спортска соработка
- да организира маркетинг служба за остварување материјални и финансиски услови за дејноста на Федерацијата
- да го регулира трансферот на играчи помеѓу клубовите

**член 15**

За да се стане членка на Федерацијата, клубовите мора да пополнат Апликација за прием во членство на Федерацијата, утврдена од страна на Управниот одбор на Федерацијата.

Во апликацијата за членство постои декларација дека клубот ќе се придржува кон:

- Статутот на Македонската Бадминтон Федерација Скопје
- Правилата за натпреварување на Федерацијата
- Дисциплинскиот правилник Федерацијата
- Правилата на Меѓународната бадминтон федерација

Со Апликацијата задолжително се поднесува:

1. Копија од Статутот на клубот
2. Решение од Централен регистар на Република Северна Македонија
3. Решение за вршење дејност спорт издадено од страна на државниот орган надлежен за работите од областа на спортот во Република Северна Македонија

Со поднесувањето на Апликација и документите под реден број 1, 2 и 3 подносителот станува членка на Македонската Бадминтон Федерација Скопје.
Подносителот на Апликација за членка на Федерацијата, со право на глас во Собранието се стекнува со последователно учество во двете последни сезони и во најмалку 3 возрасни

категории и 3 дисциплини во системот на натпревари организиран од страна на Федерацијата .

Апликацијата за прием во членство на Федерацијата, ја разгледува Управниот одбор на Федерацијата и донесува Одлука која во рок од 30 дена треба да ја достави до подносителот.

**член 16**

Членството на клубот во Федерацијата престанува со:

- Престанок на постоење на клубот
- Поништување или укинување на решение за вршење дејност спорт од страна на државниот орган надлежен за работите од областа на спортот во Република Северна Македонија
- Со одлука на Собранието или Управниот одбор на Федерацијата поради делување спротивно на Статутот на Федерацијата и Законот за спорт на Република Северна Македонија
- Со правосилна одлука од судот

Федерацијата во рок од 30 дена мора да го извести клубот за престанок на членството во Федерацијата.

**член 17**

Федерацијата води Регистар на членови (за сите бадминтон клубови - членки на Македонската Бадминтон Федерација Скопје) и евиденција на членовите на органите.

Податоците од ставот 1 на овој член се ажурираат најмалку еднаш на 2(две) години.

Федерацијата ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

Податоците од ставот 1 на овој член се заштитени во согласност сопрописите за заштита на лични податоци и класифицирани информации.

**член 18**

Правата и обврските на клубовите членки во Федерацијата се:

- само клуб членка на Федерацијата има право да учествува во систем на натпреварување во машка и женска конкуренција во сите категории на возраст, со почитување на официјалните правила за натпреварување
- да избираат и бидат избрани во органите и телата на Федерацијата
- да даваат иницијативи и предлози за одредени прашања, да ги претставуваат интересите на своите членови (поединци), и официјално да комуницираат со Македонската Бадминтон Федерација Скопје и други институции од областа на спортот и јавните гласила во нивно име
- да бидат редовно известувани за работата на органите и телата на Федерацијата со редовно активно учество во работата на органите и телата и да придонесуваат за унапредување на работата на Федерацијата

## 3 - ОРГАНИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**член 19**

Органи на Федерацијата се:

- Собрание
- Управен одбор
- Комисија за жалби
  - Комисија за натпревари
  - Дисциплинска комисија
  - Тренерска комисија
  - Техничка комисија
  - Финансова комисија
  - Здравствена комисија
  - Стручен совет
  - Комисија за масовен спорт
  - Надзорен одбор

## 4 - СОБРАНИЕ

**член 20**

Собранието е највисок орган на Федерацијата и го сочинуваат претставници на клубовите - членки на Федерацијата
Секој клуб членка на Собранието има право на два делегати во Собранието.
Секој клуб членка на Собранието има право на 1 глас
Членовите на клубот мора да се евидентирани во Федерацијата, а натпреварувачите лиценцирани во Федерацијата .
Во работата на Собранието учествуваат и

- Претседателот на Федерацијата - без право на глас
- Потпретседателот на Федерацијата - без право на глас
- Генералниот секретар на Федерацијата - без право на глас
- Претседателите на комисиите на Федерацијата - без право на глас
- членовите на Управниот одбор на Федерацијата - без право на глас
- доклку погоре наведените се официјални претставници на клубовите имаат право на глас

Собранието полноважно одлучува кога на седницата присуствуваат повеќе од половина (50% + 1) од претставниците на клубовите со право на глас. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку има итност за донесување на одлука,одлуките може да се донесат и без присуство на седницата на Собранието, ако членовите на собранието се изјаснат преку телефонска конференција, електронска пошта, потпишување на акт и на друг начин од кој може да се утврди чинот на изјаснување за пооделно прашање.

Одредбите од став 6 од овој член не се однесуваат за прашања што се носат на редовно годишно собрание.

Статутот на Федерацијата се донесува кога за него ќе се изјаснат 2/3 од присутните членови по претходно спроведена јавна расправа.

**член 21**

Седниците на Собранието се одржуваат 1 (еднаш) годишно пред 31 декември.

Седниците ги свикува:

- претседателот на Федерацијата,
- по предлог на Управниот одбор на Федерацијата
- по предлог на Надзорниот одбор на Федерацијата
- по иницијатива од 1/3 од вкупниот број на клубови - членки на Собранието

Седниците на Собранието се јавни.

**член 22**

Собранието ги врши следните работи:

- донесува Статут
- утврдува записник од претходната седница на годишното Собрание или вонредното Собрание, доколку било одржано
- усвојува годишни извештаи и извештаи за мандатниот период за работа на Управниот одбор, Стручниот совет и комисиите при Федерацијата и ги објавува на својата ВЕБ страница
- разгледува апликации за нови членови и донесени одлуки од Управниот одбор за членство во Федерацијата
- избира и менува членови на Управниот одбор
- избира и менува членови на Надзорниот одбор
- избира претседател на Федерацијата, кој истовремено е и претседател на Управниот одбор и мандатор за составот на УО
- донесува годишна програма за работа, ја утврдува политиката за развој на бадминтон спортот во Република Северна Македонија и ја објавува на својата ВЕБ сртаница
- донесува финансиски план за претстојната година и го објавува на својата ВЕБ страница
- донесува одлука со 2/3 мнозинство гласови за престанок на работата на Федерацијата
- утврдува дата и место за следното годишно Собрание
- врши и други работи од интерес на бадминтонот во согласност со Статутот и другите нормативни акти

Собранието доставува финансиски извештаи до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините на Град Скопје и градот Скопје во случаи кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно од буџетите на локалната самоуправа.

**член 23**

Вонредното собрание може да биде свикано на предлог на:

- Претседателот на Федерацијата
- Управниот одбор на Федерацијата / Надзорниот одбор на Федерацијата
- по иницијатива на 1/3 од вкупниот број на клубови - членки на Собранието

со писмено образложение за причината за негово свикување испратено до сите членови на Федерацијата

Вонредната седница на Собранието се одржува најдоцна во рок од 30(триесет) дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

**член 24**

Секој член на Собранието или комисија на Федерацијата може до Собранието да даде предлог во вид на амандман. Предлогот мора да биде доставен во писмена форма 1 (еден) месец пред одржувањето на Собранието до канцеларијата на Федерацијата. Истата е должна предлогот да го достави до сите членови на Собранието заедно со материјалите за Собранието.

Доколку предлогот биде доставен после предвидениот рок, истиот може да биде претставен пред Собранието но без можност да се гласа за него.

Доколку претседателот цени дека предлогот иако е доставен после предвидениот рок, а е значаен за бадминтон правилата или за унапредување на бадминтон спортот може да биде претставен пред Собранието со можност да се гласа за него.

Дневниот ред се доставува до:
- секој член на Собранието
- секој член на Управниот одбор
- секој член на Надзорниот одбор
- претседателите на комисиите при Федерацијата
- претседателот на Федерацијата
- потпретседателот на Федерацијата
- генералниот секретар

Конечниот дневен ред со комплетните предлози и материјали мора да бидат испратени до сите членови најдоцна 7 дена пред одржувањето на Собранието.

Во случај на вонредно Собрание, дневниот ред со предлозите и материјалите мора да биде испратени најдоцна 7 дена пред неговото одржување.

## 5 - ПРЕТСЕДАТЕЛ

**член 25**

Претседателот се избира од редовите на членовите на Собранието и истиот е одговорен за својата работа пред Собранието на Федерацијата.

Мандатот на претседателот трае 4 (четири) години и се бира на Собранието со јавно гласање со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови на Собранието со право на глас.

Лице што ја претставува федерацијата, може да биде избрано најмногу два четиригодишни мандати последователно и истото може повторно да биде избрано по истекот на временскиот период од најмалку еден полн мандат. (* Сл.Весник 190/16, Член 11)

Доколку во моментот на престанување на мандат на лице што ја претставува федерацијата, сметката на федерацијата е блокирана најмалку 30 дена, лицето чиј мандат престанува не може да биде повторно избрано.

**член 26**

Претседателот ги врши следните работи:
- ја претставува Федерацијата во земјата и странство
- ги свикува и раководи со седниците на Управниот одбор и Собранието
- го предлага составот на Управниот одбор
- потпишува акти донесени од Собранието и Управниот одбор
- може да стави вето на актите донесени од страна на Управниот одбор и телата ако се во спротивност со Статутот и Законот за спорт, и други закони или прописи
- се грижи за остварување на програмите за работа
- врши други работи предвидени со Статутот и другите акти на Федерацијата
- врши контрола над финансиското работење на Федерацијата и по потреба превзема соодветни мерки
- наредбодавател е за извршување и реализација на финансискиот план на Федерацијата

## 6 - УПРАВЕН ОДБОР

**член 27**

Управниот одбор е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности во раководењето со Федерацијата.

Управниот одбор за својата работа одговара пред Собранието.

Управниот одбор брои 7 члена, избрани на предлог на претседателот на Собранието со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

Во Управниот одбор задолжително членуваат најмалку двајца правници и најмалку двајца економисти.

Членовите на Управниот одбор и секретарот не смее да се во роднинска врска по сите линии до втор степен со претседателот на Федерацијата, ниту пак нивни компании да се капитално, или управувачки поврзани.

Членовите на Управниот одбор не треба да се вработени или членови на управувачки органи во компанија во која доминантна сопственост има претседателот на Федерацијата.

Претседателот на Управниот одбор на Федерацијата, не смее да има сопственички удели или да е дел од основачките здруженија во спортските клубови за кои тие се надлежни.

Во случај на евидентна неактивност на член на Управниот одбор на Федерацијата, на предлог на претседателот на Федерацијата, Управниот одбор може да кооптира нов член на УО на Федерацијата, а неактивниот член треба да се разреши.

**член 28**

Управниот одбор ги врши следните работи:
- ја надгледува работата во бадминтонот воопшто
- ги извршува и спроведува одлуките од Собранието
- ги утврдува нормативните акти на Федерацијата
- ги спроведува плановите и програмите утврдени на Собранието
- разгледува апликации и одлучува за прием на нови клубови - членки
- ја следи работата и проблемите на бадминтон спортот и донесува решенија и активности за унапредување и популаризација на бадминтон спортот
- формира комисии, помошни тела, именува претседатели и членови на комисиите
- усвојува календар за секоја година
- утврдува систем на натпревари
- одлучува за пофалби, јавни признанија и други награди од исклучително значење
- усвојува завршна пресметка
- именува потписници на финансиски документи и нивни извршители
- разгледува и усвојува програма за работа на свои органи и тела
- на Собранието поднесува извештај за својата работа
- го именува генералниот секретар на Федерацијата и ја надгледува неговата работа
- обезбедува услови и сноси одговорност за натпреварите и нивната регуларност на ниво на Република Северна Македонија
- именува селектори, тренери и директори на државни репрезентации
- именува водачи на екипи за меѓународни натпревари
- донесува дисциплински правила
- донесува правила за натпреварување
- донесува правилник за систематизација на работни места
- превзема мерки во случај на кршење на интересите и нарушување на угледот на бадминтон спортот
- именува потпретседатели на Федерацијата и ја надгледува нивната работа
- го утврдува дневниот ред со амандманите за годишното Собрание

**член 29**

Управниот одбор се состанува по потреба.

Работи на седници и одлучува ако присуствуваат повеќе од половината членови.

Доколку има итност за донесување на одлука,одлуките може да се донесат и без присуство на седницата на Собранието, ако членовите на собранието се изјаснат преку телефонска конференција, електронска пошта, потпишување на акт и на друг начин од кој може да се утврди чинот на изјаснување за пооделно прашање.

Седниците ги свикува претседателот кој и раководи со нив. Во негово отсуство седниците ги свикува потпретседателот и тој раководи со нив.

Седниците на Управниот одбор се јавни.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години

Секој член на Управиот одбор има право да предлага претрес по одредени прашања, да дава иницијатива за донесување одлуки, прописи и други акти и да предлага начела и ставови за работа на органите и телата на Управниот одбор.

Дневниот ред и материјалите за седниците се доставуваат до сите членови на Управниот одбор, како и претседателите на комисиите 7 дена пред одржувањето на состанокот. Претседателот може да покани и надворешни гости на состанокот доколку оцени дека за тоа има потреба.

## 7 - НАДЗОРЕН ОДБОР

**член 30**

Надзорниот одбор е составен од 3 (три) члена. Членовите на Надзорниот одбор од своите редови бираат претседател. Мандатот на членовите трае 4 (четири) години.

**член 31**

Надзорниот одбор ги врши следните работи:

- контрола на финансиската администрација на Федерацијата
- контрола на сметката и нејзино користење
- извршување поединечни финансиски извештаи и ги доставува до Управниот одбор
- изработување на 4 годишен буџет, заедно со финансовата комисија
- се грижи за соодветна примена на буџетот
- поднесува извештаи за комплетната финансиска состојба до Собранието

## 8 - МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

**член 32**

Македонската Бадминтон Федерација Скопје остварува меѓународна активност со национални те бадминтон федерации, членки на Меѓународната бадминтон федерација.

Федерацијата одлучува за учество на репрезентации на меѓународни натпреварувања и купови, согласно календарот на Меѓународната бадминтон федерација и покренува иницијатива за кандидатура за организација на Балкански, Европски и Светски првенства и турнири како и други меѓународни натпреварувања во сите категории.

**член 33**

Бадминтон репрезентациите на Република Северна Македонија во сите категории го репрезентираат бадминтон спортот во земјата и странство. Составувањето на бадминтон репрезентацијата е право и обврска на Стручниот Совет при Федерацијата.

Бојата на опремата на репрезентацијата ги има државните обележја, комбинација на жолта и црвена боја.

Обврската на играчите одредени за репрезентацијата е да се јават и вклучат во истата без исклучок. Нејавувањето повлекува соодветна дисциплинска мерка во рамките на актите на Федерацијата.

Бадминтон репрезентациите можат да настапуваат на официјални натпреварувања или пријателски средби само со препорака на Стручниот совет и согласност на Управниот одбор.

За постигнатите успеси играчите и тренерите можат да добијат награди, пофалби согласно одлуката на Управниот одбор.

## 9 - МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

**член 34**

За реализација на дејностите, целите и задачите Федерацијата обезбедува средства кои ги користи под услови и начини утврдени со законот, овој Статут и други акти на Федерацијата.

Средствата се обезбедуваат од:
- чланарини
- основачки влогови
- доброволни прилози
- донации
- подароци(во пари,добра,имотни права)
- завештенија
- легати
- дејности со кои се стекнува добивка
- кирии и закупнини
- приходи од инвестиции,дивиденд,камати,заеми и други приходи во согласност со закон и овој Статут
- такси и парични казни
- трансфер на играчи
- организирање натпревари

Федерацијата може да добива средства и од буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Доколку Федерацијата добие средства од став 3 од овој член, должна е да достави деловен и финансиски извештај до надлежниот орган на Државната управа, односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

**член 35**

Федерацијата има годишен финансиски план на приходи и расходи со кој се утврдуваат и распределуваат средствата (приходи по сите основи и расходи за активности на Федерацијата: набавка на опрема, реквизити, одржување, плати на вработени, надоместоци по основ на работен однос, материјални трошоци за функционирање на Федерацијата и други расходи сврзани со работата), за финансирање на задачите и работите на Федерацијата, и ги објавува на својата ВЕБ страница.

Финансовиот план се донесува на годишното Собрание и се објавува на ВЕБ страницата.

Наредбодател за извршување на финансискиот план на Федерацијата е Претседател-от на Федерацијата.

## **10 - ОДГОВОРНОСТ ЗА ОБВРСКИТЕ**

**член 36**

Федерацијата одговара за обврските со целиот свој имот.

Членовите на органите на Федерацијата одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Федерацијата, за злоупотреба на средствата на Федерација та, за постигнување за цели што за нив како поединци се забранети, или за злоупотреба на федерацијата како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

**член 37**

Членовите на органите на Федерацијата и нејзините застапници, по закон се одговорни солидарно за штетата на Федерацијата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник, или ако не учествувале во одлучувањето

Барање за надоместок на штета поднесува Надзорниот одбор..

**член 38**

Имотот, односно средствата на Федерацијата се користат исклучиво за остварување на целите и задачите, како и за функцијата на Федерацијата утврдени во овој Статут и програмата.

Членовите на органите на Федерацијата и застапниците на Федерацијата по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на Федерацијата, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со законот и овој Статут.

Средствата на Федерацијата не може да се исплаќаат на членови, основачи, членови на органи, застапници, вработени, или со нив поврзани лица, освен во случаи кога член на Федерацијата е корисник на услугите на Федерацијата во согласност со целите определени со овој Статут и програмата на Федерацијата.

Работата во Федерацијата, по правило е доброволна, а членовите на органите на Федерацијата можат да примаат надоместок за патни и дневни трошоци, како и надомест за вршење на работи во органите на Федерацијата во согласност со законот.

**член 39**

Федерацијата е должна да подготви финансиски извештај, да го достави до надлежниот орган во согласност со законот и да го објави на својата ВЕБ страница, или на друг соодветен начин да го направи достапен до јавноста.

Федерацијата е должна на својата ВЕБ страница или на друг соодветен начин да ги објавува годишните извештаи за своето работење.

Извештаите од ставовитев 1 и 2 на овој член, федерацијата е должна да ги објави најдоцна до 30 април за претходната година.

## 11 - СТРУЧНИ СЛУЖБИ

**член 40**

Генералниот секретар ги извршува оперативните и административните работи на Федерацијата. Управниот одбор на Федерацијата го именува генералниот секретар на време од 4 (четири) години. За својата работа одговара пред Управниот одбор.

Генералниот секретар може да биде професионално вработен со права и обврски кои се регулираат во правилникот за систематизација на работни места.

Генералниот секретар може да биде волонтер без паричен надоместок со права и обврски кои се регулираат со посебен договор.

**Генералниот секретар ги врши следните работи**:

- ги подготвува материјалите за состаноците на УО
- се грижи за организацијата на работата на органите и телата на Федерацијата
- се грижи за извршување на заклучоците и одлуките на Собранието и УО
- донесува решенија врз основа на Закон, одлуки и други видови акти донесени од страна на Собранието и УО
- распоредува работници на работни места и со работни задачи во работната единица - заеднички работи
- соработува со одговорните во Министерството надлежно за работите во спортот, МОК и Сојузот на спортови
- се грижи за успешно организирање на натпреварите на репрезентативните селекции во земјата и странство
- се грижи за спроведување на Деловникот за работа на УО на Федерацијата
- врши и други работи утврдени со Закон и одлуките на Собранието, УО и Надзорниот одбор и Статутот на Федерацијата
- може да биде разрешен и пред истекот на неговиот мандат

**член 41**

**Комисијата за жалби ги има следните активности**:

- да ги разгледува и одлучува по жалбите поднесени против одлука на било кое тело на Управниот одбор, применувајќи ги правилата и Статутот на Федерацијата.
- да подготвува текст за амандмани до Управниот одбор.
- да консултира и дава сугестии до техничката комисија за изготвување на Статутот и правилата

**член 42**

**Комисијата за натпреварување ги има следните активности**:

- организирање на државни натпревари во Република Северна Македонија
- организирање на куп натпревари во Република Северна Македонија
- регистрирање на орджаните натпревари

- изготвување на месечни билтени за одржани натпревари
- регистрирање на играчите во Република Северна Македонија

- изготвување на годишни билтени за регистрирани играчи
- изготвување на ранг листи на играчи
- изготвува амандмани до Управниот одбор на Федерацијата
- одредува казнени пенали од прв степен за играчи, тренери, клубови

**член 43**

**Дисциплинската комисија ги има следните активности:**

- Ги разгледува и одлучува за дисциплинската постапка покрената против играчи, тренери, стручни лица и клубови во Федерацијата, применувајќи ги правилата, согласно Дисциплинскиот правилник и Статутот.
- Подготвува текст за амандмани за Официјалните бадминтон правила
- Консултира и дава сугестии по барани прашања

**член 44**

**Тренерската комисија ги има следните активности**:

- се грижи за тренерскиот кадар во регистрираните клубови-членки на Федерацијата
- издава годишни тренерски лиценци
- заверува договори помеѓу тренерите и клубовите
- ги развива тренерските методи
- организира семинари со предавачи и инструктори
- соработува со тренерските комисии во другите национални Федерации
- ги подготвува документите за предавање и развој на тренерскиот кадар
- соработува со факултетот за физичка култура

**член 45**

**Техничката комисија ги има следните активности:**

- изготвува текст со амандмани за официјалните бадминтон правила и нивна примена до Управниот одбор
- дава официјална интерпретација на бадминтон правилата
- надлежна е за подготовките, испитувањата и квалификациите на бадминтон судиите во Република Северна Македонија
- овластена е за сите предмети кои се однесуваат за практично спроведување на официјалните правила

**член 46**

**Финансовата комисија ги има следните активности:**

- да се грижи за книговодството и жиро сметката на Федерацијата
- да го составува заедно со Надзорниот одбор буџетот на Федерацијата
- да изготвува извештаи до Управниот одбор

**член 47**

**Здравствената комисија ги има следните активности:**

- дава совети и информации за медицинската грижа на сите регирстрирани играчи во Федерацијата
- се грижи за спроведување на допинг правилата и пропозициите на Анти допинг код
- за време на официјални турнири да спроведува лекарска контрола на играчи
- да одржува годишни семинари за спортска медицина со доктори од клубовите членки на Федерацијата

- соработува со Здравствените комисии на другите национални федерации

**член 48**

**Стручниот совет ги има следните активности:**

- се грижи за организирање на стручната работа во клубовите членки на Федерацијата
- се грижи за организирање на стручната работа во Државните репрезентации
- дава предлог и амандмани до Управниот одбор
- дава предлог до Управниот одбор за тренери на Државните репрезентации
- изготвува листи и одредува играчи за меѓународни купови и светски првенства
- дава предлози до Управниот одбор за промени на официјалните правила
- соработува со националните федерации на стручно ниво
- дава стручна помош на клубовите членки на Федерацијата

## 12 - ДОНЕСУВАЊЕ АКТИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**член 49**

Предлог за покренување постапка за донесување, измена или дополнување на Статутот или актите на Федерацијата може да поднесе Управниот одбор или секој член на органите на Федерацијата како и членовите на Федерацијата.

Предлогот се поднесува во писмена форма до Управниот одбор на Федерацијата, кој е должен предлогот да го разгледа и во рок од 30 дена по приемот на предлогот да донесе соодветна одлука.

## 13 - ПРЕСТАНОК НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**член 50**

Федерацијата престанува да постои ако :

- за тоа одлучат членовите на седница на Собранието на Федерацијата со 2/3 (дво третинско) мнозинство
- поминало двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието утврдено со овој Статут, а седница не е одржана
- во 2(две) последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон
- бројот на клубови членки на Федерацијата биде помал од 2(два)
- се донесе статусна измена која предвидува престанок на постоење
- е донесена одлука од надлежен суд
- се спроведе стечај
- е спроведена ликвидација

Одлуката на Собранието на Федерацијата за негово престанување се смета дека е донесена доколку за неа гласале 2/3(две третини) од членовите на Собранието, по претходно изјаснување на сите клубови во Републиката.

**член 51**

За донесување на одлуката за престанок на Федерацијата, претседателот на Федерацијата задолжително писмено во рок од 15 дена од денот на донесувањето ги известува Централниот регистер и органот на државната управа надлежен за работите од спортот.

Имотот(недвижен и движен) на Федерацијата, неговите обврски и права, во случај на престанок, преминуваат во сопственост на Република Северна Македонија (државна сопственост).

## 14 - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 52**

Општите акти на Федерацијата утврдени со овој Статут ќе се донесат во рок од 6 (шест) месеци по донесувањето на овој Статут.

**член 53**

Сите бадминтон кубови ќе ги усогласат своите акти со одредбите од овој Статут во рок од 6 (шест) месеци од денот на неговото донесување.

**член 54**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**член 55**

Толкувањето по одредбите на овој Статут дава Собранието, а помеѓу две Собранија, по прибавените мислења, дава Управниот одбор на Федерацијата

**член 56**

Со влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Бадминтон Федерацијата на Македонија донесен на седницата на Собранието на Федерацијата одржана на 22.12.2013 година.

**член 57**

Статутот влегува во сила со денот на усвојување на Собранието.

**Скопје**
**Скопје**
**20.02.2022**

**Македонска Бадминтон Федерација**

**Претседател**

Диме Стефановски